Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 05.05.2021

На 04.05.2021 во 23.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар од слобода го лишиле К.Т.(35) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена мачета, со што сторил прекршок од Законот за оружје. Исто така, тој постапил и спротивно на член 206 од Кривичниот законик, односно не ги почитувал донесените мерки за забрана за движење по 21.00 часот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.05.2021 околу 22.05 часот на локален пат над тетовското село Камењане, полициски службеници на СВР Тетово пронашле две врежи со марихуана. Извршен е увид, а пронајдената дрога била подигната за вештачење. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.05.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 67 мерки, меѓу кои 28 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 16 за управување возило без возачка дозвола, 3 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 2 за непрописно престигнување, 7 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 7 за непрописно паркирање.

На 04.05.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Љубљанска" во Скопје, патничко возило „тојота", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.К.(33) од Скопје, удрило во велосипед, управуван од Ф.Н.(51) од Скопје. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.05.2021 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Јане Сандански" и ул.„23 Октомври" во Скопје, патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Т.(24) од Скопје, удрило во електричен тротинет, управуван од М.Д.Ј.(45) од Скопје. Во незгодата М.Д.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.05.2021 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, Н.С.(33) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 04.05.2021 во 20.15 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Битола патничко возило „мерцедес", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.К.(48) од Прилеп, удрило во куче скитник. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката В.Б.(50) од Прилеп, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 04.05.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.С.(44) од Скопје пријавила дека на бул.„Партизански одреди" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 04.05.2021 во 09.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во фабрика во гостиварска Горна Бањица, извршувајќи работни задачи, Д.М.(52) од Гостивар се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.05.2021 околу 16.00 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.Г.(57) од с.Вељуса, струмичко, затоа што со остар предмет го нападнал Н.К.(70) од истото село. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2021 во 23.40 часот на ул.„Македонско – косовска бригада", полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Х.(34) и С.Н.(32), двајцата од Скопје, поради сомнение дека околу 18.30 часот, заедно со А.Ш. и уште едно лице, во дворот на Ш.М.(46) на ул.„Македонско–косовска бригада", со огнено оружје упатиле закани кон него и неговото семејство. По целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2021 во 16.40 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го приведе З.А.(43) од Велес, поради постоење основи на сомнение дека околу 14.15 часот физички ја нападнал неговата сопруга и со остар предмет упатил закани кон членови на неговото семејство. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.05.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Б.(39) од Скопје пријавила дека на плоштад „Македонија" била касната од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.А.(40) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во периодот од февруари 2019 до февруари 2021 година, пријавениот го довел во заблуда И.С., прикажувајќи лажни факти дека преку негова фирма ќе врши сметководствени услуги на фирмата на И.С., потпишувал бланко налози за пренос на средства, но наместо да ги потполни за ставрните намени, своерачно ги потполнувал и од сметките на фирмата на оштетениот во две банки, на сметките на неговата фирма пренел парични средства во вредност од 3.555.070 денари.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 16.03.2021 на наплатната рампа „Миладиновци", полициски службеници извршиле преглед во возило во кое пријавениот бил сопатник, при што кај него пронашле и одзеле хероин.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава против А.Р., самостоен инспектор Регионалниот центар за гранични работи Југ, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Пријавениот, од 23.02 до 07.08.2020, како самостоен советник за финансиски работи во истата организациска единица, фактурите кои ги примил од една фирма не ги приложил веднаш за евиденција и уредна заверка со приемен штембил, туку ги задржувал кај себе и ги доставил по истекот на предвиденот рок за плаќање. Поради несовесното и ненавременото извршување на работните обврски на пријавениот, фирмата изготвила каматна листа за задоцнето плаќање, со што бил оштетен Буџетот на Министерството за внатрешни работи.

На 04.05.2021 во 03.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Петровец во нас.„Илинден" го лишиле од слобода С.С.(30) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Исто така, тој постапил и спротивно на член 206 од Кривичниот законик и не ги почитувал донесените мерки за забрана за движење по 21.00 часот. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Штип, СВР Велес, СВР Охрид и СВР Струмица поднесоа кривични пријави против В.П(42), П.Р.(32) и К.В.(55) од Делчево, В.Г.(33) од Македонска Каменица, Н.Ј.(25) од Штип, И.Д.(43) и Д.Х.(43) од с.Башино село, велешко, Д.В.(46) од с.Богомила, велешко, И.А(28) од с.Лојане, општина Липково, Р.Д.(19) од Велес, З.М.(47) од Велес, Л.Р.(32) и А.Р.(31) од Велес., М.Ј.(64) од Охрид, Д.А.(37) од с.Корешница и Џ.Б.(34) од с.Бистренци, демиркаписко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 05.04. до 28.04.2021, без дозвола за движење се движеле за време на забрана за движење на возила и лица во периодот од 20.00 до 05.00 часот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против шест 17-годишници од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 20.03.2021 во с.Доброшане, кумановско, пријавените физички го нападнале К.С.(18) од Куманово.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет